**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП**
**Су.бр.74/2023**
**27.11.2023 година**

Врз основа на член 88 од Законот за судовите и чл.17 од Судскиот деловник, Претседателот на Основен суд Прилеп Јасмина Шишковска Стојковиќ на ден 27.11.2023 година го утврди следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНОТО ВОЗИЛО И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛУЖБЕНИТЕ ПАТУВАЊА ВО ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

Со овој правилник се определуваат правилата за начинот на користење, одржување и овластување за управување со службеното возило кое е во сопственост на на Основен суд Прилеп и се користи за службени потреби на Основен суд Прилеп.

## Член 1

Основниот суд Прилеп располага со едно службено возило марка „Шкода Октавиа" со рег.бр.PP 8687 AD .

Службеното возило се користи единствено за извршување на службени обврски на судиите и другите вработени кои произлегуваа од надлежноста на судот.

Право на користење на службеното возило имаат:

- Судиите при овој суд при вршење на одделни процесни дејствија во судските предмети (увиди на лице место, итна достава на судски акти до Затвор Битола и Затвор Прилеп)
- Судиите при овој суд за учество на советувања организирани од Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев – Скопје и други институции, закажани работни состаноци, комисии и средби во организација на второстепените судови, Врховниот суд, Судскиот совет или Министерството за правда на РС Македонија.
- Вработените во судската служба на судот при учество на советувања организирани од Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев – Скопје и други институции, закажани работни состаноци, комисии и средби од надлежните судски институции .
- Достава на судски предмети во жалбена постапка или постапка за ревизија до надлежниот суд.
- Други службени потреби кои произлегуваат од законската надлежност на Основен суд Прилеп.

## Член 2

Со служебните возила управува вработен возач во судската служба на Основен суд Прилеп, Блаже Кузманоски . Истиот е задолжен да го одржува возилото, навремено да ги регистрира и да се грижи за неговата исправна техничка состојба.

## Член 3

За секое користење на службеното возило надвор од градот, потребно е писмено одобрение од Претседателот на Основниот суд Прилеп.

**Член 4**

Вработениот во Основен суд Прилеп кој има службена потреба, доставува писмено барање за користење на службеното возило до Претседателот на судот со прецизиран датум, време и место на користење на службеното возило.

**Член 5**

Претседателот на Основниот суд Прилеп постапува по барањето и носи одлука, со која се одобрува или се одбива барањето за користење на службено возило.

**Член 6**

По донесената одлука од страна на Претседателот на судот постапува Судскиот администратор на Основен суд Прилеп кој го известува судскиот возач со упатство за датумот, времето и место за реализација на службеното патување со користење на службеното возило.

**Член 7**

При користењето на службено возило, возачот користи гориво од правниот субјект со кој Основен суд Прилеп склучил договор за набавка на моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 а по претходно спроведена постапка за јавна набавка.

**Член 8**

Судскиот возач за секое користење на службено возило надвор од Прилеп, составува патен налог, потпишан од Претседателот на судот и вработениот за чии службени потреби било одобрено користење на возилото. Патниот налог содржи и опис на целта за која се користело возилото.Патните налози реализирани во текот на месецот возачот заедно со фискалните сметки ги доставува до благајната на судот.

**Член 9**

Неовластеното користење на службеното визило и непочитување на одредбите од овој правилник повлекува дисциплинска одговорност на вработениот во Основен суд Прилеп.

Член 10

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува важноста на Правилникот за користење на службените возила на Основен суд Прилеп Су.бр.23/2014 од 28.11.2014 година.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
Претседател,
Јасмина Шишковска Стојковиќ